# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ [2025]

**Здружение на граѓани**
**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ИНКЛУЗИВЕН**
**И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ – СИГА**

31.03.2026

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ [2025]

## Визија

Во нашата визија се залагаме за иднина во која граѓаните имаат висок квалитет на живот, а Северна Македонија е развиена демократија во која има еднакво учество на жените и мажите на извршни јавни позиции, сиромаштијата и класните разлики се сведени на минимум, работничките права се почитуваат, каде има владеење правото и правната држава и се почитуваат европските вредности.

***“Мисијата на Асоцијацијата е да ги промовира и поддржува демократските процеси, да придонесува за инклузивен, праведен и одржлив развој преку истражувања, анализи и предлози на прогресивни, праведни и родово освестени јавни политики почитувајќи ја партиципативната култура.”***

## Цели

- Поддршка на ненасилни, инклузивни, партиципативни, родово освестени демократски промени во Северна Македонија
- Подобрување на квалитетот на животот и придонес за праведен и одржлив развој
- Анализа на постојни политики и развој на иновативни предлози за праведно унапредување на процесите во општеството
- Регионална и меѓународна соработка при развој на прогресивни јавни полиитки
- Едукација за праведни јавни политики на прогресивни млади граѓани

## Вредности

Вредностите се водечка основа и стандард на работење на Асоцијацијата. Вредностите се вградени во сите иницијативи кои ги спроведува центарот и се очекува од сите вработени и соработници да ги почитуваат и да се раководат од истите. Донесувањето на одлуки, како и проценката на одредени општествени состојби и ситуации исто така се гледаат низ призмата на вредностите на Центарот.

Наши вредности се следниве:
**Праведност** - Ги промовираме и практикуваме принципите на праведност, еднаков третман и можности, почитувајќи ги индивидулните потенцијали. Промовираме социјална инклузија, интеграција и кохезија.
**Мултикултурализам** – Културната разновиднст ја сметаме за предност и се залагаме таа да се осигура во сите наши интерни процеси и застапуваме да се практикува во сите општествени процеси.
**Вклученост на жени** – Обезбедуваме вклученост на повеќе од 50% жени во сите наши процеси и активности како и извршни функции.
**Транспарентност** – Практикуваме и застапуваме отворен, транспарентен и одговорен начин на работење и однесување.
**Отчетност** – За сите наши активности и иницијативи отчетно ги известуваме нашите основачи, раководни органи, парнерите и соработниците, инстититуциите, како и пошироката заинтересирана јавност.
**Интегритет** -Делуваме независно, професионално и со највисоки морални и етички принципи за постигнување на однапред зацртаните стратешки цели.
**Партнерство и соработка** - обезбедуваме вклученост и соработка во процесите на донесување одлуки со сите релевантни чинители. Градиме партнерства кои придонесуваат кон заштита на јавениот интерес.

# Главни активности во 2025 година

## Проект „Градење капацитети за финансиско управување и одржливост на земјоделците (производители на тутун)“

***Краток опис на Проектот***

Проектот „Градење капацитети за финансиско управување и одржливост на земјоделците (производители на тутун)“ – проект за финансиска писменост, има за цел да обезбеди знаење, практични алатки и поддршка кои ќе им помогнат на земјоделците подобро да управуваат со своите финансии, да планираат, штедат и носат одржливи финансиски одлуки.

Проектот се реализираше во партнерство меѓу Сокотаб ДООЕЛ Битола и Асоцијацијата за одржлив и инклузивен развој – СИГА Скопје, со учество на 351 земјоделци од 57 населени места од трите главни тутунски региони во РСМ – Пелагонија, Источна Македонија и Повардарие. Активностите вклучија фокус групи, развој на прирачник со финансиски дневник, интерактивни обуки, тестирање на знаење и вештини, анкети за ставови и однесување, како и анализа на животен стандард и економска стабилност.

Финансиската писменост претставува важна основа за одржлив развој, бидејќи овозможува информирано управување со ресурсите и поголема економска сигурност. За руралните земјоделски домаќинства, ова значи подобро планирање, намалување на ризиците и создавање услови за постабилна и одржлива иднина.

***Цели на проектот***

Главна цел: Зголемување на нивото на финансиска писменост кај земјоделците во РСМ.

Специфична цел: Унапредување на знаења, вештини, ставови и однесување за одржливо финансиско управување.

***Клучни активности***

- *Истражување преку фокус групи*

Организирани беа фокус групи со производители на тутун со цел да се добијат директни сознанија за нивните финансиски навики, предизвици и ставови. Ова овозможи прилагодување на прирачникот и програмата за обука според реалните потреби.

- ***Развој на прирачник и финансиски дневник***

Беше изготвен Прирачник - практичен прирачник за финансиско управување кој, покрај теоретската основа, вклучува конкретни примери, совети, алатки, тестови и студии на случај. Финансискиот дневник, како составен дел на прирачникот, претставува практична алатка за планирање на буџет и следење на паричните текови.

- ***Теренски обуки и мерење на ефекти***

Беа спроведени интерактивни обуки со вкупно 351 учесник. Ефектите од обуката се мереа преку тестирање на знаењата и вештините пред и по обуката. Сесиите вклучуваа презентација на прирачникот, практични вежби, анализа на случаи и дискусии со цел учесниците да стекнат применливи знаења и вештини.

- ***Евалуација и следење на влијание***

Веднаш по обуките беше спроведена прва анкета (feedback формулар) за мерење на промените во ставовите и евалуација на обуката. По околу 2 месеца беше спроведена втора анкета за следење на однесувањето, односно примената на знаењата и користењето на финансискиот дневник. Анкетата вклучи и прашања за животниот стандард со цел да се добие појасна слика за состојбата и основа за понатамошни интервенции.

- ***Изготвена Студија за влијанието***

Беше изготвена студија за влијанието на проектот, која ги сумира резултатите, ефектите и клучните согледувања од спроведените активности.

***Постигнати резултати***

Просечниот напредок во знаењето и вештините на учесниците изнесуваше +45,75 процентни поени, што укажува на значаен ефект на програмата за едукација.

Најголем напредок постигнаа жените, младите, лицата со повисоко образование, почетниците во производството, како и земјоделците кои обработуваат поголеми површини или одгледуваат и други култури – што укажува на зголемена отвореност и мотивација за учење кај овие групи.

Финансискиот дневник започна да се користи во пракса: 29% од учесниците го применуваат, а 40% донеле конкретна информирана финансиска одлука по обуката.

- Придонес кон целите за одржлив развој

  Покрај директните резултати, проектот придонесе кон повеќе глобални Цели за одржлив развој (SDGs), особено во областа на намалување на сиромаштијата, образование, родова еднаквост, економска инклузија, климатска отпорност и партнерства.

1. Придонес кон Цел 5: Жените како двигатели на промени во руралното финансиско управување

   Жените учествуваа со 22% од вкупниот број учесници, што укажува на зголемена отвореност и потенцијал во руралните средини. Тие остварија најголем напредок во знаењето (+55,5 п.п.) во однос на сите групи. Ова укажува на силен потенцијал за нивно понатамошно зајакнување како активни носители на финансиски одлуки, и покрај тоа што проектот не беше експлицитно родово насочен.

2. Придонес кон Цел 8: Одржлив економски раст и достоинствена работа

Стекнатите знаења и нивната почетна примена претставуваат основа за подобрување на животниот стандард и одржлив економски раст. Проектот придонесе и за препознавање на личниот труд како економска вредност што треба да се планира и управува.

3. Придонес кон Цел 10: Намалување на нееднаквостите преку финансиска едукација

Проектот беше насочен кон ранливи категории со ограничен пристап до финансиско знаење. Околу 77% од учесниците никогаш не користеле финансиска поддршка, а мал дел имаат пензиско осигурување. Преку прилагодена и практична методологија, проектот придонесе за зголемена информираност и први чекори кон финансиска вклученост.

4. Придонес кон Цел 13: Финансиска отпорност на климатски ризици

Повеќе од 85% од учесниците ги препознаваат климатските ризици како клучен фактор за нивното производство, а разбирањето на овие ризици се зголеми за 43 п.п. по обуката. Иако само 4% имаат осигурување, проектот поттикна размислување и први чекори кон финансиска заштита.

5. Придонес кон Цел 17: Партнерства за одржлив развој

Проектот претставува пример за ефективна соработка меѓу приватниот сектор, граѓанското општество и руралните заедници, со директно влијание врз зајакнување на финансиските капацитети на 351 земјоделец.

***Времетраење на проектот***

Проектот се реализираше во периодот февруари – август 2025 година

Вредност на проектот: 1.278.745,00 денари (20.792,60 евра)

Здружение на граѓани
АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ИНКЛУЗИВЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ – СИГА
31.03.2025 година